## НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 47 став 1 точка 3 и 18, а согласно со член 7 став 1 точка 4, член 24 и 41 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15 и 6/16), Советот на Народната банка на Република Македонија донесе

# ПОЛИТИКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПОЛИТИКАТА ЗА УПРАВУВАЊЕ И ИНВЕСТИРАЊЕ НА ДЕВИЗНИТЕ РЕЗЕРВИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. Во Политиката за управување и инвестирање на девизните резерви на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 223/15) во точка 4 ставот 4, алинеја 3 се менува и гласи:

„Инвестициско портфолио, коешто може да има инвестициски период над една година и со кое се управува заради зголемување на повратот на девизните резерви, како и за покривање на непредвидените обврски на подолг рок заради одржување на макроекономската и финансиската стабилност на земјата. Ова портфолио се инвестира во финансиски инструменти со повисок ризик заради остварување повисок поврат од инвестициите, меѓутоа согласно со толеранцијата на ризик утврдена со оваа политика. Во рамки на инвестициското портфолио, одреден дел од хартиите од вредност можат да се класифицираат како хартии од вредност чувани до достасување, најмногу до 750 милиони евра во противвредност, со максимална рочност до 10 години."

2. Во точка 14 ставот 1, зборовите „односно позитивен поврат во текот на инвестициски период од две години" се бришат.

3. Оваа политика влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

**П бр.02-15/VIII-1/2016**
**28 јули 2016 година**
**Скопје**

**Гувернер**
**и претседавач**
**на Советот на Народната банка на**
**Република Македонија**
**Димитар Богов**